Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 октомври 2021 година**

**Скопје, октомври 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 октомври 2021 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Јулиана Николова, директор на ЈП Национални шуми и м-р Абдуш Демири, директор на Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 106-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2021 година

- Усвојување на Записникот од 107-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 септември 2021 година

1. Записник од Педесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 4 октомври 2021 година

2. Информација за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, со пресек до 15 август 2021 година

3. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност

4. Информација за состојбата на акумулација Паљурци, со дополнување

5. Информација за потребите од обезбедување на полициска асистенција при изградбата на магистралните гасоводи

6. Информација за трансформација на дополнителни доплати во влог во Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлуки

7. Барање на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ – Скопје за користење на дополнителни финансиски средства за режиски трошоци

8. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема Витек Македонија ДОО Илинден, со Предлог-одлука

9. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево, со Предлог-одлука

10. Информација за пренамена на средства во висина од 2.128.920 денари од проектот ,,Доводен цефковод за технолошка вода во индустриска зона во Неокази’’ за проектот ,,Изградба на атмосферска канализација на дел од улица Миро Барага во Пробиштип во должина од 500 метри’’

11. Информација со анализа за потребата од нови центри за вработување во општините Теарце, Боговиње и Желино

12. Информација за напредокот за организирање и спроведување на Nato Eadrcc вежба „Северна Македонија 2021“, за период од 20 април 2021 година до 20 јули 2021 година

13. Известување од Управата за финансиска полиција по Заклучок од 65-та седница на Владата, одржана на 13.4.2021 година, во врска со потребата од обезбедување деловен простор за Управата

14. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

15. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година

16. Предлог-план за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори

17. Извештај за извршени преговори за склучување на парафираниот текст на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија

18. Извештај за завршени преговори за изменување и дополнување на Анекс 4 на Централно европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот за дефинирање на концептот на производи со потекло и методите на административна соработка наведени во член 14, ставови 1 и 3 и укинување и замена на Одлука бр.3/2013 и Одлука бр.3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија, со усогласен текст на Одлука

19. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево

20. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Кадиица“, Општина Ресен

21. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Камберица Тумба“, Општина Прилеп, со предлог-одлуки

22. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А4, Штип – Кочани, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+057,44 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Крупиште 2“, Општина Карбинци

23. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за личното име (*), по скратена постапка

24. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка

25. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (*), по скратена постапка

26. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта (*), по скратена постапка

27. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија(*), по скратена постапка

28. Предлог-закон за дополнување на Законот за матичен број (*), по скратена постапка

29. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Елез-Хан - Блаце“ и „Глобочица - Јажинце“

30. Предлог-закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната

31. Информација за усвојување на Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани, со Предлог на стратегија за градење на отпорност и справување со хибридни закани и Акциски план за имплементација на Стратегијата за градење национална отпорност и справување со хибридни закани

32. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија за учество во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа – Seebrig (South East Europe Brigade – Seebrig)

33. Информација за подготовката на 18-тиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 5 октомври 2021 година

34. Предлог-решение за именување на претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали

35. Информација за давање одобрение за проширување на дејноста на Приватната установа за социјална заштита на стари лица Дом за стари лица Опен харт с.Попчево Струмица, со Предлог-одлука

36. Информација за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637)

37. Информација за извршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2021-2025 година

38. Информација за продолжување на рокот за изведба и давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување

на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка болница Штип, со Предлог-варијација

39. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од обласа на медицината на трудот

40. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево од обласа на итната стоматолошка помош

41. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Базични и клинички истражувања во дентална медицина“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

42. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармацевтски науки “ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

43. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

44. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид

45. Предлог-одлука за доделување на средства на Државен студентски дом „Пелагонија“ Скопје

46. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје

47. Предлог-одлука за доделување на средства на Државен студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје

48. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола

49. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип

50. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп

51. Иницијатива од Здружение на граѓани „Ековита“ од Неготино, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.94/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/2020)

52. Понуда од нотар Јанко Милушев од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5744, за КО Струмица, на КП бр.6628, дел 1 викано место/улица Балабаница

53. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4510 за КО Битола 5, на КП бр.17327, викано место/улица Тумба

54. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8178 за КО Берово, на КП бр.1228, викано место/улица Керамидарка

55. Понуда од Иво Серафимоски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100703 за КО Тетово 3, на КП бр.12867 и Имотен лист бр.100704 за КО Тетово 3

56. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.105595, за КО Бутел, на КП бр. 4481, викано место/улица Македонска Косовска бригада бр.60 и Имотен лист бр. 16273, за КО Бутел, на КП бр. 4481, викано место/улица Македонска Косовска бригада, со дополнување

57. Кадровски прашања

58. Прашања и предлози

59. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје за период од 1 април до 30 јуни 2021 година

60. Информација за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан, со усогласен текст на заедничка Изјава

61. Информација за извршени преговори за усогласување на заедничка Изјава за интероперабилен Западен Балкан, со усогласен текст на заедничка Изјава

62. Информација за потребата од склучување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза“, со предлог Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза"

63. Информација во врска со статусот на имплементација на економска мерка - бескаматна кредитна линија со грант компонента наменета за микро и мали претпријатија погодени од КОВИД-19 (Ковид 3)

64. Информација за организација на јавен настан за популаризација и медиумско покривање на почетокот на Мисијата на НАТО за заштита на воздушниот простор над Република Северна Македонија

65. Информација за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт заклучно со

третиот квартал во 2021 година согласно Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

66. Информација во врска со потребата од консултант за услуги за изготвување на техничка спецификација за набавка на биометриски документи.

*

*    *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 106-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2021 година и Записникот од 107-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 септември 2021 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 4 октомври 2021 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, со пресек до 15 август 2021 година (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Министерството за финансии да ја разгледа можноста до крајот на годината (при евентуално изменување на распоредот на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година) да обезбеди средства на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” П.О. – Скопје, за покривање на направената штета на шумскиот фонд во период 2019-2021 година од категории на пожари кои започнале надвор од шума и биле угаснати надвор и пожари кои започнале надвор од шума, а влегле и биле угаснати во шума, во висина до 421.285.237 денари, кои ќе се трошат согласно член 60 од Законот за шуми.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” П.О. – Скопје да подготви проектна документација со анализа за реализација на проект број 5-Набавка на специјални возила за прва интервенција (иницијален напад) и специјални возила-теренски цистерни за локализирање и гасење шумски пожари, од Стратегијата за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави во рамките на ИПА 3.

Потоа, овие материјали (и останатите прашања поврзани со пожарите) да се разгледаат на Управувачки комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, на кој да присуствуваат и претставници од Министерството за животна средина

и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанаство, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми” П.О. – Скопје, каде што да се разгледа можноста за набавка на потребната опрема за потребите од катастрофи со средства од Европската Унија, како и средства од Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена и врз основа на добиените сознанија да се достави соодветен предлог до Владата.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (патнички вагони), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за состојбата на акумулацијата Паљурци, со дополнувањето кон неа за некоја од наредните седници на Владата поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и АД Водостопанство на Република Северна Македонија да изнајдат и до Владата да достават соодветен предлог за надминување на состојбата со нискиот водостој на акумулацијата Паљурци.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 5**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребите од обезбедување на полициска асистенција при изградбата на магистралните гасоводи.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за трансформација на дополнителни доплати во влог во Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со дополнување и предлог-одлуки, поради потребата од дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство и усогласениот материјал да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје за користење на дополнителни финансиски средства за режиски трошоци, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по Барањето.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да се усогласи со Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и истата да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Кичево, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пренамена на средства во висина од 2.128.920 денари од проектот „Доводен цефковод за технолошка вода во индустриска зона во Неокази“ за проектот „Изградба на атмосферска канализација на дел од улица Миро Барага во Пробиштип во должина од 500 метри“, за првата седница на Владата по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.185/21).

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со анализа за потребата од нови центри за вработување во општините Теарце, Боговиње и Желино за првата седница на Владата што ќе се одржи по завршувањето на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/21), поради потребата од дополнителни усогласувања и доработка на истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 12**

Владата ја симна од од Дневен ред Информацијата за напредокот за организирање и спроведување на NATO EADRCC вежба „Северна Македонија 2021“, за период од 20 април 2021 година до 20 јули 2021 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа Известувањето од Управата за финансиска полиција во врска со потребата од обезбедување на деловен простор за Управата, го прифати и го задолжи м-р Бојан Маричиќ, министер за правда да оствари контакт со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во врска со преземање на материјалите кои се

наоѓаат во просториите на поранешното Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (најнов текст-3), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска-Стрезовски, државен советник во Министерство за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерство за финансии.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година, за средината на ноември 2021 година, по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлогот на план за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници да ги спроведуваат и почитуваат мерките и препораките од Планот за фискална оддржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори и тоа:

- Во делот на расходната страна:

- консолидација на расходите за плати и надоместоци при планирање на буџетот и среднорочното планирање во насока на оптимизација, рационализација на работните места и зголемување на ефикасноста на работењето на јавната администрација,
- консолидација на расходите за стоки и услуги при планирање на буџетот и среднорочното планирање во насока на намалување на непродуктивни расходи и поефикасно користење на ресурсите за работа,
- консолидација на дотациите кои се трансферираат до единиците на локалната самоуправа при планирање на буџетот и среднорочното планирање во насока на оптимално искористување на средствата и поквалитетни услуги на децентрализираните надлежности,
- консолидација на расходите за субвенции и трансфери при планирање на буџетот и среднорочното планирање во насока на намалување и поадекватно таргетирање на корисниците врз основа на успешност на остварувањата/приносите и конкурентски услови, воведување на построги критериуми при нивно одобрување, како и зајакната контрола/мониторинг на веќе одобрените субвенции,
- консолидација на расходите за субвенции до јавни претпријатија, субвенции до невладини организации, стипендии, награди, спонзорства и одликувања при планирање

на буџетот и среднорочното планирање во насока на оптимално искористување на средствата,
- консолидација на расходите за социјални надоместоци при планирање на буџетот и среднорочното планирање во насока на оптимално искористување на средствата преку зајакната контрола/мониторинг на корисниците на социјалната помош, како и зголемување на критериумите за остварување на социјалните права,
- пореално планирање на капиталните расходи при подготовката на буџетот и фискалната стратегија во насока на квалитетно и навремено реализирање на капиталните проекти и
- активностите од Акцискиот план за спроведување на препораките од Проценката за управување со јавните инвестиции да се спроведуваат во насока на подобрено планирање, приоритизација и реализација на капиталните инвестиции;

- Во делот на приходната страна:

- се задолжуваат органите задолжени за администрирање на јавните приходи преку наведените мерки за оптимизација на даночниот систем како и преку мерките за намалување на сивата економија да придонесат кон праведен, ефикасен, транспарентен и современ даночен систем кој ќе се темели на современи дигитални технологиии и иновации во оданочувањето, во функција на постигнување на забрзан, инклузивен и одржлив економски раст,
- се задолжуваат органите кои ги администрираат јавните приходи како и органите кои се справуваат со неформалната економија, преку наведените мерки за намалување на неформалната економија да извршат навремено детектирање и справување со неформалната економија и
- се задолжуваат органите задолжени за администрирање на јавните приходи преку наведените мерки за оптимизација на даночниот систем како и преку мерките за намалување на сивата економија да придонесат кон зголемување на ефикасноста во наплатата на јавните приходи;

- Во делот на доследност и усогласеност на економските политиките за подобро буџетско планирање и индикатори:

- се задолжуваат буџетските корисници да ги поврзат политиките, програмите и индикаторите за успешност содржани во нивните стратешки планови за работа и буџетски предлози со секторските стратегии, Програмата на Владата и Програмата за економски реформи 2022-2024,
- се задолжуваат буџетските корисници правилно и редовно да ги пополнуваат инпут (input) индикаторите приложени во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори,
- се задолжуваат буџетските корисници да прикажат конкретни аутпут (output) индикатори користејќи ја приложената листа кон Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори или да развијат нови согласно политиките кои ги предлагаат во буџетот и
- да се задолжат буџетските корисници да прикажат индикатори за ефекти од политиките (outcome) користејќи ја приложената листа на индикатори на ЕУ кон Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори.

2. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа (општините) да преземат активности за консолидација на приходната и расходната страна на буџетите со цел обезбедување на подобар квалитет на општински јавни услуги, поефикасно работење на општините и нивна одржливост.

3. Се препорачува на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост да преземат активности за консолидација на приходната и расходната страна на финансиските планови со цел обезбедување на подобар квалитет на услуги, поефикасно и порентабилно работење и нивна одржливост.

4. Се препорачува на јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост да изработуваат петгодишни финансиски планови за нивното работење и истите да ги доставуваат до Владата и Министерство за финансии.

**<u>Точка 17</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за извршени преговори за склучување на парафираниот текст на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции во земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договорот и го усвои Извештајот со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции за земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија.

2. Се определува Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за изменување и дополнување на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за меѓународен развој на САД за банкарски гаранции за земјоделство и рурален развој во Република Северна Македонија“.

**<u>Точка 18</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за изменување и дополнување на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот за дефинирање на концептот на производи со потекло и методите на административна соработка наведени во член 14, ставови 1 и 3, и укинување и замена на Одлука бр. 3/2013 и Одлука 3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија, со усогласен текст на Одлука и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Одлуката на Мешовитот комитет на Централно европскиот договор за слободна трговија бр.1/2021 усвоена на 21 јуни 2021 година, за изменување и дополнување на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот за дефинирање на концептот на „производи со потекло“ и методите на административна соработка наведени во член 14, ставови 1 и 3, и укинување и замена на Одлука бр.3/2013 и Одлука бр.3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе постапката за ратификација на Одлуката на Мешовитот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија бр.1/2021 усвоена на 21 јуни 2021 година, за изменувањето и дополнувањето на Анекс 4 на Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), утврдувајќи го Протоколот за дефинирање на концептот на „производи со потекло“ и методите на административна соработка наведени во член 14, ставови 1

и 3, и укинување и замена на Одлука бр.3/2013 и Одлука бр.3/2015 на Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бодевица“, Кучков Рид, Општина Пехчево, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-керамичка глина на локалитетот „Бодевица“, Кучков Рид, Општина Пехчево.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Кадиица“, Општина Ресен, ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Кадиица“ Општина Ресен.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Камберица Тумба“, Општина Прилеп, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, согласно негативното Мислење на Општина Прилеп.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А4, Штип – Кочани, делница Крупиште – Кочани од км 14+300 до км 28+057,44 на минерална суровина – песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Крупиште 2“, Општина Карбинци, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личното име (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личното име (*), по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личното име (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (*), по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта (*), по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 27**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот во Министерството за внатрешни работи.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 28

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за матичен број (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за дополнување на Законот за матичен број (*), по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за дополнување на Законот за матичен број (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Елез-Хан-Блаце“ и „Глобочица-Јажинце“, со текст на Предлог-договор и го усвои Предлогот со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Елез-Хан-Блаце“ и „Глобочица-Јажинце“, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и членовите на делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Елез-Хан-Блаце“ и „Глобочица - Јажинце“.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Елез-Хан - Блаце“ и „Глобочица - Јажинце“, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија, по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да пречисти текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за заеднички гранични премини „Елез-Хан-Блаце“ и „Глобочица-Јажинце“, кој ќе биде основа за водење на преговорите.

## Точка 30

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието. За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Николче Бабовски, директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Светлана Томеска Мицкова, раководител на сектор во Агенцијата за храна и ветеринарство.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани, со Предлог на стратегија за градење на отпорност и справување со хибридни закани и Акциски план за имплементација на Стратегијата за градење национална отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани и придружниот Акциски план за имплементација на Стратегијата за градење национална отпорност и справување со хибридни закани (2021-2025) (нов текст).

2. Се задолжува Министерството за одбрана еднаш годишно да ја известува Владата за преземените мерки и активности за реализација на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за градење национална отпорност и справување со хибридни закани.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, за учество во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа – SEEBRIG (South East Europe Brigade – Seebrig), во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на 18-тиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 5 октомври 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Весна Цветанова од Министерството за финансии за претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение за проширување на дејноста на Приватната установа за социјална заштита на стари лица Дом за стари лица Опен харт, с.Попчево, Струмица, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за проширување на дејноста на Приватната установа за вон - семејна социјална заштита на стари лица Дом за стари лица Опен харт, с.Попчево, Струмица, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика до Владата да доставува Информација за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика (Сметка на основен буџет 637).

Истовремено, Владата заклучи Министерството за труд и социјална политика да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии – во смисла покрај донесената Процедура за јавни набавки и Процедура за регулирање на процесот на исплата на преземени обврски, потребно е Министерството за труд и социјална политика да донесе интерни акти (правилници, процедури, упатства и слично) за спроведување на попис и сметководствено работење и за јавни набавки.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2021-2025 година, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2021 до 2025 година.

2. Се овластува доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за човечки ресурси на Унгарија за соработка во областите на здравството и медицината за периодот 2021 до 2025 година.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продолжување на рокот за изведба и давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство во врска со потребата за потпишување на Варијација на договорот за Изведба на Клиничка Болница Штип, со Акциски план и Предлог-варијацијата и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на буџетски обврски во програмите опфатени во развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2023 и 2024 година на Министерството за здравство, поради склучување на Варијација на Договорот за изведба на Клиничка Болница Штип и тоа:

- 2023 година – 232.263.581.27 денари без данок на додадена вредност;
- 2024 година – 232.263.581.27 денари без данок на додадена вредност.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ја склучи Варијацијата по добивање на предходно одобрување (No Objection) од Банката за развој на Советот на Европа (кредиторот), а во согласност со Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој на Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за финансирање на проектот за изградба и модернизација на Клиничкиот Центар „Мајка Тереза“ во Скопје и Регионалната Клиничка болница во Штип („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2015) и Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија кај Банката за развој на Советот на Европа по рамковниот договор за заем за финансирање на проектот за изградба и модернизација на Клиничкиот Центар „Мајка Тереза“ во Скопје и Регионалната Клиничка болница во Штип („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.198/2018) и точка 4.1.3 од Рамковниот договор за заем склучен помеѓу кредиторот и Министерството за финансии бр.15-10509/1 од 10.7.2015 година.

3. Се задолжува Министертвото за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани за спроведување специјалистичко - консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од обласа на медицината на трудот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии средствата за обавување на дополнителната дејност на Општа болница со проширена дејност – Кочани да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. По донесување и влегување во сила на Одлуката, да се пристапи кон соодветно дополнување на Статутот на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена

дејност - Кочани, на кој согласно член 103 од Законот за здравствената заштита, согласност дава Министерството за здравство.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево од областа на итната стоматолошка помош, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии - средствата за обавување на дополнителната дејност на Здравствен дом - Кичево да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

2. По донесување и влегување во сила на Одлуката, да се пристапи кон соодветно дополнување на Статутот на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кичево, на кој согласно член 103 од Законот за здравствената заштита, согласност дава Министерството за здравство.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Базични и клинички истражувања во дентална медицина“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Базични и клинички истражувања во дентална медицина“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармацевтски науки“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Фармацевтски науки“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид (плата), во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (плата), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје (плата), во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (плата), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола (плата), во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип (плата), во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата по Иницијативата од Здружението на граѓани „Ековита“ од Неготино, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.94/2021, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/2020) утврди мислење врз основа на заедничкото мислење што Министерството за економија ќе го подготви во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство и ќе го достави до Владата.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јанко Милушев од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5744, за КО Струмица, на КП бр.6628, дел 1 викано место/улица Балабаница и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маринчо Велјановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4510 за КО Битола 5 на КП бр.17327, викано место/улица Тумба и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8178 за КО Берово, на КП бр.1228, викано место/улица Керамидарка и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од Иво Серафимоски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100703 за КО Тетово 3, на КП бр.12867 и Имотен лист бр.100704 за КО Тетово 3 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.105595, за КО Бутел, на КП бр. 4481, викано место/улица Македонско Косовска бригада и Имотен лист бр. 16273, за КО Бутел, на КП бр. 4481, викано место/улица Македонско Косовска Бригада, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 58**

**1.** Владата заклучи Агенцијата за катастар на недвижности за наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности, донесена на Сто и седмата седница на Владата, одржана на 21 септември 2021 година, бр.40-9278/1.“

**2.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври“ – Ден на народното востание ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во состав:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи;
- м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и
- доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, да присуствува на централната манифестација во Прилеп на 10 октомври 2021 година со почеток во 18 часот.

Обраќање ќе има Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија во 18:25 часот.

2) Владина делегација во состав:

- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците;
- м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и
- д-р Ирена Стефоска, министер за култура, на 11 октомври 2021 година, со почеток во 9:30 часот, да присуствува на положување цвеќе во Меморијален комплекс „Партизански гробишта“ во Бутел во Скопје.

Во 10:55 да присуствува во меморијално архитектонско дело „БОМБА“ (парк позади Младински културен центар).

Обраќање на настанот ќе има д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците во 11:20 часот.

3) Владина делегација во состав:

- Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции;
- д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да присуствува на положување цвеќе во Прилеп, на 11 октомври 2021 година пред споменикот на Методија Андонов-Ченто во 9:00 часот, пред споменикот на Кузман Јосифоски-Питу во 9:15 часот, поклонување пред бистите во Алејата на народните херои во 9:40, положување на цвеќе пред споменикот „Жена борец“ во 9:55 и пред Могилата на непобедените во 10:10 часот.

На Могилата на непобедените ќе се придружи и претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

4) Владина делегација во состав:

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и
- Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците да присуствува на положување на цвеќе на Спомен Костурницата во Куманово со почеток во 10 часот.

5) Се формира Организационен одбор за прослава на државниот празник „11 Октомври“ – Ден на народното востание, во состав:

- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи - претседател,
- членови:
- Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;
- Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија;
- Ванчо Шонтевски, од Министерството за одбрана-Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија и

- Светлана Сиљановска, советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за организација на настани.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема и превоз за опремата, како и превоз за организаторите на настанот на сите локации (столчиња, маси, освежување, цветно уредување, говорница, столбчиња и јажиња, средства за дезинфекција и маски и друга опрема според барање на организациският одбор).

7) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за озвучување, струја и интернет за организирање на преносот на настанот.

8) Се задолжува одделението за протокол од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбедат покани и листи на присутни гости според протоколите за организирање на државни празници, како и да го организира протоколарното положување на цвеќе на сите локации за сите делегации.

9) Се задолжува Министерството за одбрана - Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи за сите локации како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази).

10) Се укажува на Националната радио-телевизија на Република Северна Македонија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот „11 октомври" – Ден на народното востание.

11) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да создаде сценарио за целокупното одбележување на настанот и да организира медиумско покривање на истиот.

12) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на сите локации на кои се чествува празникот.

13) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантни возила за сите локации на кои се чествува празникот.

**3.** Владата го одложи од разгледување Известувањето со укажување за итно преземање на мерки и активности за предмет бр.02-165/10 од 24 септември 2021 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата.

**4.** Владата го разгледа Барањето за престанување на важење на Заклучок од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година, доставено од Министерството за култура, под бр.08-11303/1 од 21 септември 2021 година и заклучи:

- Да престане да важи Заклучокот под број 2 од Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, кој гласи: „Се укажува на Управата за заштита на културното наследство, почнувајќи од 5.4.2021 година, заштитно конзерваторските основи, заштитно

конзерваторските услови и конзерваторските одобренија за културното наследство во Охридскиот Регион да ги издава по претходно мислење на Министерството за култура“, донесен на Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година (во Пред предминување на дневен ред - Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион), поради исполнување на целта на истиот.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за постапување по задолженија/заклучоци од седници на Влада, со барање за престанување на важење на заклучоци, доставено од Министерство за образование и наука под бр 08-14170/1 од 29.9.2021 година и притоа заклучи:

- Да престане да важи Заклучокот од Информацијата за фишинг кампања насочена кон македонски корисници, кој гласи: „Се задолжува Министерство за образование и наука во рок од 7 дена врз основа на дадените препораки во текстот на информацијата, да подготви Акциски план со активности за спречување на злоупотреба на нивниот сервер за електронска пошта за фишинг кампањи, заедно со предлог за буџетски импликации и истите да ги достави до Владата по претходно добиено мислење од Министерството за информатичко општество и администрација и Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT)", донесен на Триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 април 2020 година (по точка 25), од причина што Министерството за образование и наука отвори нов систем за електронска пошта.

- Да престане да важи Заклучокот под број 4 од Информацијата за предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор за заемно признавање на професионалните квалификации за доктори по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери меѓу земјите од Западен Балкан, со Нацрт -договор, кој гласи „Се задолжува делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Договорот", донесен на Деведесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 септември 2018 година (по точка 59), од причина што преговорите се сеуште во рана фаза и Министерството за образование и наука секако по завршување на преговорите е должно да достави извештај за завршени преговори со предлог текст на договор кој треба да биде усвоен од Владата, пред да биде потпишан.

- Да престане да важи Заклучокот под број 2. 2.1 од Информацијата со Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година, кој гласи: „ 2. Се задолжува Министерството за образование и наука, на годишно ниво да ги информира Владата и Министерството за труд и социјална политика за текот на реализација на следните активности: 2.1 Напредувањето во воспоставувањето на Опсерваторијата на вештини, како и податоци за програмите за образование и учење на возрасните, поставувањето на дипломците на работни места и трошоците

на студиите (Исход 1.1.3 од Акцискиот план за вработување млади лица 2016-2020 година).", донесен на Деведесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 август 2015 година (по точка 68), поради застареност.

- Да престане да важи Заклучокот од Информацијата за вклучување на македонските училишта во иницијативата за саморефлексија при користење на дигитална технологија во образовниот процес - употреба на алатката SELFIE, кој гласи: „Го задолжи Министерството за образование и наука да достави информација за процесот на пилотирање и планот за имплементација на национално ниво на SELFIE алатката, до крајот на октомври 2019 година", донесен на Сто педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2019 година (по точка 27), поради застареност.

- Да престанат да важат за Министерството за образование и наука:

- Заклучокот под број 3 од Информацијата за работата на работната група за поврзување на зелените работни места со младинската невработеност, со План за информирање, кој гласи: „Се задолжуваат секторските комисии на Националната рамка за квалификации да изработат критериуми за „зелени работни места" и индикатори за нивна мерливост, најдоцна до крајот на 2019 година" и

-Заклучокот под број 5 од истата Информација, кој гласи: ,,Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да ја информираат Владата за реализација на задолженијата, најдоцна до крајот на ноември 2019 година.", донесен на Сто педесет и првата седница, одржана на 27 август 2019 година (по точка 50), поради застареност.

- Да престане да важи Заклучокот од Информацијата за воспоставување на регионални центри за стручно образование и обука, кој гласи: „Министерството за образование и наука да подготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за средно и стручно образование и во рок од пет дена да го достави до Владата на разгледување и утврдување, при што во законот да ги наведе постојните средни стручни училишта: Општинското угостителско - туристичко училиште „Ванчо Питошески" - Охрид, Средното општинско стручно училиште „Моша Пијаде" - Тетово и Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ" - Куманово, кои ќе продолжат да работат како регионални центри за стручно образование и обука", донесен на Сто шеесет и четвртата седница, одржана на 12 ноември 2019 година, (по точка 51), поради застареност.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Барањето од Министерство за животна средина и просторно планирање, за измена од Заклучок бр.4 од точка 20 од Четириесет и третата седница на Владата, одржана на 2.2.2021 година, под број 21-2420/1 од 27.4.2021 година, со оглед на тоа дека информациите на месечна основа веќе Министерството за животна средина и просторно планирање ги доставува до Министерството за финансии кое понатаму согласно заклучокот бр.3 од точка 20 од Четириесет и третата седница на Владата, одржана на 2.2.2021 година ја информира Владата за статусот на сите проекти кои се финансираат во рамки на ИПА 2, вклучително и за проектите на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**7.** По повод укажувањето на д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање во однос на одржувањето на претстојниот Самит за климатски промени, Владата даде согласност Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање да присуствува на настани што се однесуваат на заштитата на животната средина и да поддржува иницијативи кои се однесуваат на оваа проблематика.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 септември 2021 година до 29 септември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 25 септември 2021 година до 1 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје за период од 1 април до 30 јуни 2021 година како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава и Информацијата за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за интероперабилен Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава, поради потребата од дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 61**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за слободен проток на податоци во регионот на Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава и Информацијата за извршени преговори за усогласување на заедничката Изјава за интероперабилен Западен Балкан, со усогласен текст на заедничката Изјава, поради потребата од дополнително усогласување со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на Проектот „Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза“, со усогласен текст на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на Проектот „Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на Проектот „Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза“.

2. Се овластува м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ) за спроведување на Проектот „Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој II фаза“.

Истовремено Владата заклучи предлагачот да ја разгледа можноста за вклучување на претставник од Секретаријатот за европски прашања во Управувачкиот комитет на Проектот.

## Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на имплементација на економска мерка - бескаматна кредитна линија со грант компонента наменета за микро и мали претпријатија погодени од КОВИД-19 (Ковид3) и ја усвои со следните заклучоци:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за финансиии и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, да ја извести Делегацијата на Европската Унија во земјата за прилагодувањето на мерката и овозможување на дополнителен грејс период за корисниците на програмата, како и да побара согласност за тоа.

- Се задолжува Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, во соработка со Министерството за финансии, да подготват информација до Владата за преземените мерки по добивање на согласност од Делегацијата на Европската Унија, како и да ги преземат сите потребни активности за подготовка на соодветна документација во врска со реализација на промената и во врска со договорот за администрирање на средствата склучен меѓу Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.“

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за организација на јавен настан за медиумско покривање на почетокот на Мисијата на НАТО за заштита на воздушниот простор над Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за одбрана во рок од 10 дена од усвојувањето на оваа информација да ја информира Владата за чекорите за склучување на договорот за воздушно патролирање (Air Policing) со Врховната команда на сојузничките сили на НАТО за Европа.
- Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана да ја продолжат координацијата со НАТО во врска со организацијата на јавниот настан.
- Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М - НАВ АД, а им се укажува на ТАВ-Аеродроми, во рок од три дена до Министерството за одбрана да достават лица за контакт и во рамки на своите надлежности да преземат мерки за брз проток на информации, олеснети процедури за влез и движење и други активности за успешна реализација на активноста.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт заклучно со третиот квартал во 2021 година согласно Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од консултант за услуги за изготвување на техничка спецификација за набавка на биометриски документи, ја усвои Информацијата и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изнајде соодветно решение (консултант за услуги за изготвување на техничка спецификација за набавка на биометриски документи), најдоцна до 15.12.2021 година, со цел да се предвиди постапката во Планот за јавни набавки за 2022 година во Министерството за внатрешни работи.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**